напреден курс: **работа на проекти**

# Изготвување завршна пресметка за друштва од различни дејности

термини: јануари/април

## Учесници

Пожелно е учесниците да поседуваат работното искуство во областа на сметководство или финасии, или посетено обука во областа на сметководство.

## Временска рамка

Вкупно траење на обуката: 32 часа, 8 дена, два пати неделно

## Очекувани резултати

Стекнатите знаења од обуката претставуваат солидна основа за успешно работење на слушателите во: финансискиот сектор на компаниите од бизнис сферата, од државните органи или работа во банка.

## Програма на обуката

Евидентирање настани по основ на приходи, расходи, средства, обврски и капитал до изготвување на завршна пресметка за три пилот фирми.

Врз основа на документи: изводи, влезни и излезни фактури, договори, ситуации, учесникот изготвува:

- налози за книжење, согласно критериумите за класифицирање, мерење и обелоденување на позициите од финансиските извештаи
- пресметка на сите видови даноци и изготвување на даночни пријави
- контрола на салдата од заклучниот лист
- изготвување обрасци до надлежни институции
- изготвување завршна пресметка

Обработени настани поврзани со законот за ДДВ:

- извршени вложувања во туѓи основни средства
- исправка на одбивка на претходен данок
- кусок и вишок
- наградни игри
- ДДВ во залихите на добра кај друштва кои дополнително ќе добијат статус на ДДВ обврзници
- промена на даночната основа и исправка на данокот и на претходниот данок,
- реклама, пропаганда и репрезентација
- сметководствен и даночен третман на авансот
- финансиски наем
- тур оператори
- префактурирање и др.

Обработени настани поврзани со законот за данок на добивка:

- Евидентирање на трошоци (признаени/непризнаени) по основ на: регрес, јубилејни награди, бонус, теренско додаток, амортизација, користење возило и др.

- Задржувањето на данок по основ на приходи од: дивидени, авторски хонорари, од вршењето на менаџмент, консалтинг, финансиски, технички и административни услуги, услуги на истражување, телекомуникациски услуги и др.
- Утврдување на данок од добивка на исплатена дивиденда

Обработени настани поврзани со законот за персонален данок на доход:
Трошоци за правното лице/приходи за физичкото лице по основ на:
- договори за дело, стипендии, донации, лекување
- хотелски сметки
- членство во органи на управување
- издавање по закуп и др.

**Програмска подршка, опрема и материјал за обуката**
Предавањата се одвиваат во опремени простории со модерна технологија, практична работа на индивидуален компјутер со користење на софтвер за финансово и материјално сметководство.

**Предавач**
Кристина Тилиќ - дипломиран економист, овластен ревизор (во продолжение кратка биографија за предавачот).

**Сертификат**
Секој учесник кој успешно ќе ја заврши обуката ќе се стекне со Сертификат за посетена обука за сметководсто и даночно законодавство.

**Пријавување**
Секој учесник треба да достави ПРИЈАВА ЗА ОБУКА.

**Цена - 240** евра
Цената вклучува трошоци за работен материјал: тестови, наставен материјал, освежување за време на паузата. Плаќање на 2 рати.

## Кратка биографија на предавачот – Кристина Тилиќ

**Квалификации**
Дипломиран економист Диплома за стекнато звање Овластен ревизор издадена од Министерство за финансии;
Диплома за професионално образование од областа на сметководството издадена од USAID;
Диплома за професионално образование од областа на ревизија издадена од USAID.

**Работно искуство**
Предавач на курсеви во областа на сметководство и финансии во Работнички Универзитет "Кочо Рацин" – надворешен соработник -15 години;
ЈП за Стопанисување со станбен и деловен простор – финансов директор, директор на компјутерски центар, самостоен проектант на бази на податоци;
Надворешен соработник во областа на информатика, сметководство, финансии во повеке реномирани фирми: Вива сокови, Талија, Лекарска комора на РМ, Стоматолошка комора на РМ, Работнички Универзитет "Кочо Рацин", Кејбл Тел, Делта Брокер, Свем инженеринг, СМС треид, Авторско-правно биро, Основен суд Крива паланка, Колбико инженеринг, Зинес, Студио Леонтич, Златен Клас и др.

Електроелемент – финансов директор;
Нова консалтинг и едукација – основач и генерален менаџер.

### Дополнително искуство

Предавач на семинари, работилници на тема финансиски политики и процедури за општините во РМ (USAID), сметководство на Фудбалски Сојузи во согласност со МСФИ;
Повеќе ревизорски ангажмани, активно учество на семинари и сумпозиуми во областа на сметководство, финансии и ревизија;
Претседател на Надзорен Одбор на Институтот на овластени ревизори на РМ; Председател на Извршен одбор на Сојуз на сметководители на РМ, Председател на Надзорен одбор на Радо банка и др.